РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-108/3
28-05-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-380/1 од 24.01.2024 година оформен против службеното лице -------------------, член на ------------------- и член на Управен одбор ----------------, СЕ ЗАПИРА.

По констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, спроведена прекршочна постапка и промена на фактичката состојба, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-380/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето ---------------- ги извршува функциите: член на -------------- и член на Управен одбор --------------------------.

Имено, ДКСК изврши проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ------------- со бр. 09-2229/1 од 12.04.2023 година, по што утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на ------------------, во исто време ја врши и функцијата член на Управниот одбор ------------------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Понатаму, ДКСК достави барање за информација до лицето -------------- во однос на извршувањето на горенаведените функции, на кој допис не е доставен повратен одговор.

Понатаму, со допис 09-380/3 од 17.04.2024, ДКСК се обрати до ---------------- со цел да добие информација дали лицето -------------- е именувано за вршење на функцијата претседател/член на Управниот одбор на ----------------. Од страна на спомената институција е доставена писмена информација бр. 09-380/6 од 30.04.2024 година со прилог доказ Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ------------------ со бр. 14-8577/1 од 30.07.2021 година, донесено од ------------- со кое наведеното лице е именувано.

ДКСК достави и барање и до ---------------- со бр.09-380/4 од 17.04.2024 година со цел да добие информација дали наведеното лице ја врши и функцијата член на ----------------, за што беше доставен писмен одговор од Владата на РСМ бр. 09-380/7 од 14.05.2024 година со прилог Решение за именување на претседател и членови на --------------------, со кое се потврдува именувањето на -------------------- за член на истата комисија.

После утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека наведеното е предвидено како прекршок на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 105 став (1) алинеја 1 од истиот закон, по што согласно член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците, ДКСК спроведе постапка за порамнување против лицето ---------------, со издавање на Записник за констатиран прекршок бр. 09-380/8 од 05.06.2024 година и издаде Прекршочен платен налог бр. 09-380/9 од 05.06.2024 година, по што истите беа доставени до лицето --------------, во два наврати бидејќи, лицето беше известено, но пратката беше вратена до ДКСК со назнака ИЗВЕСТЕН/НЕ ПОБАРАЛ.

Првиот обид за достава е извршен на ден 06.06.2024 година со препорачана пратка:RC092688645MK, додека вториот обид за достава е извршен на ден 02.07.2024 година со препорачана пратка RC093120927MK. Согласно член 56 став (2) од Законот за прекршоците доставата се смета за извршена на денот кога писменото ќе му биде врачено на адресата на лицето на кое таа му се доставува, односно ако лицето не го подигне писменото во рок од осум дена од денот на доставеното известување иако било повикано тоа да го стори. Имајќи ги предвид цитираните докази во предметот, неспорно е дека во два наврати писменото е вратено со назнака „известен не побарал„ заради што согласно законот доставувањето е уредно извршено.

Бидејќи понудената постапка за порамнување, не беше прифатена, ДКСК согласно член 47 став 8 од Законот за прекршоците, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочниот орган со бр.14-3012/1 од 25.11.2024 година.

Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција достави Решение бр. 14-109/4 од 14.03.2025 година до ДКСК со кое ја известува дека на лицето -------------- му е изречена Прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра (триста евра) во денарска противвредност од 18.505,00 денари по среден курс на Народна банка на РСМ.

По проверка во базата на Службен весник на РСМ е утврдено дека лицето ------------ со Решение за разрешување и именување на членови на Управен одбор – -------------------- со бр. 14-13326/1 од 31.12.2024 година, е разрешено од член на Управен одбор на ----------------, односно истото не е во кумулација на функции.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. - член на ДКСК